ЦПЛИП – ПОРАКА
СТРУМИЦА



ЦПЛИП - ПОРАКА СТРУМИЦА
во изминатата деценија:
ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Струмица, март 2021 година

Издавач: Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица

Автор: Горан Сачевски

Уредничка: Соња Сачевска

Лектура: Васка Кирова

Графичко уредување и печатење: ДЕЛО Струмица

Тираж: 140 примероци

Брошурата е издадена во рамките на проектот „Транспарентна ПОРАКА“, финансиски помогнат од Општина Струмица преку G1 Програмата од Буџетот на Општина Струмица за 2020 година, како и со финансиска помош на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Содржината е единствена одговорност на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Општина Струмица.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

ВИЗИЈА 6

МИСИЈА 6

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ 8

ГОДИШНИ АКТИВНОСТИ НА ЦПЛИП - ПОРАКА СТРУМИЦА 9

ПРЕГЛЕД НА ГЛАВНИТЕ ПРОЕКТИ НИЗ ГОДИНИТЕ 13

2020 година 13

2019 година 16

2018 година 19

2017 година 22

2016 година 25

2015 година 28

2014 година 32

2013 година 34

2012 година 36

2011 година 38

2010 година 40

ВОВЕД

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА од Струмица (ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица) е невладина и непрофитна организација, која има за цел застапување на интересите и правата на лицата со интелектуална попреченост.

Неговата долгорочна мисија е целосна инклузија на лицата со интелектуална попреченост во средината на живеење.

Своите активности ги реализира како една од локалните организации на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА (РЦПЛИП – ПОРАКА).

Освен лицата со интелектуална попреченост, активни членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица се и родителите на членовите со попреченост, како и членови на нивните семејства. Тие се активно вклучени во реализацијата на активностите.

Во ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица функционира вон-институционална форма на заштита на лица со интелектуална попреченост – Социјален клуб (Клуб).

ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица се залага за партнерство и размена на идеи со останатите граѓански организации во регионот, како и за промовирање на своето функционирање пред локалната заедница.

Оваа брошура пред Вас прави ретроспектива на спроведените активности, постигнатите цели и резултати, предизвиците и тешкотиите со кои се соочила Организацијата.

Брошурата информира за сработеното во временскиот период од 2010 година заклучно со 2020 година.

Брошурата е изработена во рамките на проектот „Транспарентна ПОРАКА“, финансиски помогнат од Општина Струмица.

Информациите во брошурата се претставени на едноставен и сликовит начин, приспособени за општата јавност, а особено тие се лесно читливи и разбирливи за лицата со попреченост.

ВИЗИЈА

Целосна интеграција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост во општеството, нивно потполно прифаќање од страна на лицата без попреченост, пристапност до сите можности во заедницата и учество во културниот, образовниот и социјалниот живот.

МИСИЈА

- **Застапување на интересите** на лицата со интелектуална попреченост и обезбедување помош во остварување на законските права;

- **Поддршка на процесот на деинституционализација;**

- **Соработка** со други организации и здруженија на граѓани;

- Запознавање на локалната заедница со својата дејност;

- **Поддршка на семејствата** кои имаат член со интелектуална попреченост;

- **Лобирање за унапредување** на законските прописи кои се однесуваат на еднакво учество и вклучување на лицата со интелектуална попреченост во граѓанското општество.

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

- Почитување на индивидуалните разлики и на посебноста на личноста;

- Приспособување на методите за работа;

- Почитување на **самоопределувањето и самостојноста**;

- Почитување на **правото на сопствено мислење**;

- Почитување на **индивидуалните афинитети**;

- Почитување на **приватноста**;

- Почитување на **културните разлики**;

- **Недискриминација**;

- Заштита на **достоинството и интегритетот** на лицата со интелектуална попреченост и

- Постојано унапредување на **квалитетот на работата** со лицата со интелектуална попреченост.

ГОДИШНИ АКТИВНОСТИ НА ЦПЛИП – ПОРАКА СТРУМИЦА



Обезбедена поддршка за над 80 членови.



14 деца и младинци со интелектуална попреченост се вклучени во активностите на клубот



Над 70 дена и над 210 часа работа во клубот на годишно ниво.



Над 15 активности годишно надвор во заедницата.



Над 100 парчиња рачни изработки (украси, накит) на годишно ниво.



Над 20 средби и состаноци на годишно ниво со родителите и семејствата за подобро разбирање на начините на остварување на правата на лицата со интелектуална попреченост.

Активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица секоја година се групирани во три сектори:

I. Активности во клубот

Овде спаѓаат редовните активности со членовите, кои вклучуваат едукативни и социјални активности.



Овде спаѓаат и активностите од главните годишни проекти со членовите на клубот, финансиски помогнати од Општина Струмица, РЦПЛИП – ПОРАКА и други донатори и поддржувачи.

II. Активности во локалната заедница

Овде спаѓаат следниве континуирани активности:

1. Посети на други граѓански организации кои работат на унапредување на животот и правата на лицата со попреченост, преку спроведување заеднички активности, дружби, размена на искуства итн.

2. Развој на активности и кампањи за Конвенцијата за права на лица со попреченост, со цел спречување и борба против дискриминацијата на лицата со попреченост, промоција на инклузивно образование, вработување, здравствени и социјални услуги итн.



III. Активности со семејствата на лицата со интелектуална попреченост

Овде спаѓаат следниве континуирани активности:

1. Размена на искуства;

2. Вклучување во заедничите активности;

3. Средби, состаноци и работилници;

4. Дискусии и трибини.



ПРЕГЛЕД НА ГЛАВНИТЕ ПРОЕКТИ НИЗ ГОДИНИТЕ

2020 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Транспарентна ПОРАКА

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 7 месеци: септември 2020 – март 2021 година

БУЏЕТ: 200.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Зајакнување на организациските капацитети за транспарентно работење и приспособено информирање за справување со предизвиците на лицата со попреченост.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ: За 7 месеци се развиени 9 алатки за транспарентно, отчетно и приспособено информирање за програмските активности на Организацијата и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост.


РЕЗУЛТАТИ:

1. Подобрени практики за транспарентно известување за програмските активности и реализираните средства и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост.
2. Поголема препознатливост и видливост на работењето на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица во јавноста.

АКТИВНОСТИ:

Публикување и печатење инфографици со информации од наративен и финансиски Годишен извештај за 2019 и 2020 година.

Беа изработени два инфографика, од кои, на едниот се претставени основните информации за реализираните активности и финансиски средства во 2019, а на вториот - информаци за реализираните во 2019 година.





Креативни работилници за креирање инфографици со приспособени и лесно читливи информации, совети и чекори за грижа за општото здравје и остварување на правата на лицата со попреченост.

Публикување, печатење и промоција на брошурата: „ПОРАКА во изминатата деценија: постигнати резултати“

Креирање Комуникациски план за зголемување на видливоста и препознатливоста на организацијата помеѓу граѓаните.

Креирање веб-страница за информирање на јавноста за активностите, целите, резултатите и финансиските реализации на Организацијата. Веб-страницата има изглед и функционалности што ќе им помогнат на лицата со попреченост (интелектуална, дислексија, аутизам, глуви, слепи) лесно и едноставно да ги читаат веб содржините.

Креирање Instagram профил

Креирање Twitter профил

2019 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Моја - твоја - наша боја!

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: јуни – декември 2019 година

БУЏЕТ: 247.500,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Придонес кон социјалната инклузија на лицата со попреченост во локалната заедница преку меѓуинституционална мрежа за соработка и воспоставување еднаков пристап до социјалните услуги.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ: За 6 месеци се подобрени капацитетите за креативно работно ангажирање на 10 младинци со интелектуална попреченост.

РЕЗУЛТАТИ:

1. Развиени креативни и когнитивни способности и потенцијали за себеизразување кај лицата со интелектуална попреченост.

2. Совладани техники за изработка на боенки од страна на лицата со интелектаулна попреченост и промовирани боенки.

АКТИВНОСТИ:

Организирање работилници за изработка на цртежи за боенки

Преку изработка на цртежи за боенки, се одеше кон развој на когнитивните способности кај лицата со интелектуална попреченост, развој на работни вештини, а преку тоа се поттикнува и визиомоторната перцепција и координација, како и стимулирањето на креативноста.

Изработка на цртежи за боенки

Се работеа цртежи за боенки со различни мотиви. Изработката се одвиваше преку креативни работилници, а лицата со интелектуална попреченост изготвуваа тематски цртежи, кои понатаму беа наменети за изработка на 4 боенки: „Зима“, „Лето“, „Овошје“ и „Животни“. Потоа следуваше **дизајн и печатење на боенките.**



Работилници со ученици од прво одделение заради промоција на боенките

Учениците ги боеја боенките и учеа за боите, фигурите, формите, како и она што е прикажано на цртежите. Нашите младинци со интелекутална попреченост, кои ги изработија цртежите, им помагаа и беа ментори на учениците при боењето во боенките. На тој начин, најмалите учеа за еднаквоста, недискриминацијата и за тоа дека секој има талент за одредена работа, а може и нешто да се научи.





Организиравме продажба на боенките и нивна изложба на 3 декември кога се одбележува и Меѓународниот ден на лицата со попреченост.





2018 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Преку креативност поблиску до социјална инклузија

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај-октомври 2018 година.

БУЏЕТ: 146.025,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Импакт кон развој на социјалното претприемништво за поголема социјална инклузија на лицата со интелектуална попреченост.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ:

1. Развој на креативните и когнитивните способности и потенцијалите за себеизразување.

2. Совладување техники за изработка на сувенири и украси.

3. Развој на претприемачки вештини.

РЕЗУЛТАТИ:

1. Лицата со интелектуална попреченост, нивните родители и стручниот тим се запознаа со видовите материјали и алатки за изработка на сувенири и украси.

2. Совладани се техники за рачно изработување сувенири и украси од различни материјали.

АКТИВНОСТИ:

Изработка на сувенирии и украси од гипс, глина, стакло, хартија и други материјали

Работилници за изработка на сувенири и украси
Во рамките на овие работилници, членовите имаа можност да се запознаат со видовите на материјали и алатки за изработка на сувенири и украси, како и техниките за рачно изработување на сувенири и украси од различни материјали.





Работно ангажирање на лицата со интелектуална попреченост во изработката на сувенири и украси

Се изработуваа различни видови креации и декорации: геометриски фигури, пеперутки, цветови, украси на пликови за пари, обележувачи за книги, украси за кутии, вазни, украсни садови, мали украсни чинии, саксии за цвеќе и други предмети со помош на калапи и мостри, користејќи ги различните материјали: гипс, глина и керамика.



Продажба на изработките

На крајот, производите се продаваа. Тоа е главната цел на социјалното претприемништво, а средствата кои се добија од продажбата, остануваат во организацијата за набавка на понатамошни материјали за изработка на идни украси. Продажбата беше на одредена локација во центарот на градот, а се организираше и онлајн продажба.



2017 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Учиме да готвиме и да стекнуваме здрави животни навики

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: април-септември 2017 година

БУЏЕТ: 126.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Развој на вештини кај лицата со интелектуална попреченост за оформување здрави животни навики, преку стекнување знаења и вештини за подготовка на храна, вештини за организација, договарање, поделба на задачи и координација.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ:

1. Учење на нови практични здрави животни вештини.

2. Оспособување на лицата со интелектуална попреченост за, колку што е можно, посамостоен живот, односно за учење на основни социјални вештини и извршување секојдневни активности.

РЕЗУЛТАТИ:

1. Изработени цртежи со мотиви за здрава храна и здрави навики на живеење.
2. Стекнати се здрави навики на живеење кај лицата со интелектуална попреченост и навики за подготовка и консумирање здрава храна.
3. Децата и младите со интелектуална попреченост се запознаени со подготовката, пакувањето и конзервирањето сезонски зеленчук и овошје според традиционалните македонски рецепти.








АКТИВНОСТИ:

Континуирани активности:

- Изработка на цртежи и ракотворби;
- Чистење и одржување на хигиената во Клубот;
- Активности за повторување и доусовршување на стекнатите компјутерски вештини кај лицата со интелектуална попреченост.

Спортски активности

• Вежбање на лента за трчање и собен велосипед, како и топки, кошови и други спортски реквизити;

• Пливање и посета на базен;

• Спортување и посета на фудбалски клуб од Струмица.

Работилници за стекнување вештини за подготовка на храна и развој на здрави животни навики

Членовите на клубот учеа за различните видови овошје, зеленчук и други продукти за исхрана, каде тие се купуваат, каде се одгледуваат, како се избираат за подготовка на различни јадења, како изгледаат, како да ги препознаваат и сл. Потоа, членовите посетуваа супермаркети, овоштарници, ниви со зеленчук, зелени пазари и сл. По ова, тие беа на пазарење, поставуваа маса за јадење и го средуваа приборот за јадење. Потоа следуваше миење и бришење на приборот за јадење и заедничко готвење на различни јадења.






На крајот беше огрнизиран **НАТПРЕВАР ВО ГОТВЕЊЕ.**



2016 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2016 година

БУЏЕТ: 130.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Интеграција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост во општеството.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ :
Социјализација на интелектуално попречените членови со лицата без попреченост.

РЕЗУЛТАТИ:
1. Реализирани креативни работилници за приближување на народната традиција до лицата со интелектуална попреченост.

2. Изработени украси и сувенири со народни мотиви.

АКТИВНОСТИ:

Работилници и средби со Младинскиот клуб на Општинската организација на Црвен крст во Струмица. Со заедничко дружење, се изработуваа цртежи со оригами техника, изработки од хартија, пластика и тестенини.

Работилници и средби со ВЕШТА ЖЕНА – Струмица. Се изработуваа македонски народни носии, украси, сувенири, македонски орнаменти со волна, монистра, текстил и слично, потоа се лепеа и се изработуваа мозаици од македонски носии и сл. Исто така, членовите боеја и украсуваа стомни, чинии, вазни и други украси изработени од глина, хартија во боја, текстил, тестенини и пластика.

Соработка со Здружението МАНА од Струмица: учество на нашите членови во претставата „И ЈАС СУМ ПТИЦА“.

Работилница и соработка со Основното музичко училиште “Боро Џони” во Струмица: „Со музика поблиску до народната традиција“. Членовите учеа за народните музички инструменти: тапан, гајда, клавир, флејта, тарамбука, синтисајзер и др.

Работилница и соработка со ООУ „Видое Подгорец“ од Струмица: „Есенска подготовка на зимница“. Преку практична работа, сите заедно се запознаа со подготовката, пакувањето и конзервирањето сезонски зеленчук.

Работилница и соработка со КУД „Тримери“ од Струмица: Преку ора и песни, облечени во народни носии, децата и младинците се дружеа со игроорците.











2015 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Заедно да ја пренесеме пораката на лицата со интелектуална попреченост

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2015 година

БУЏЕТ: 108.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Интеграција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост во општеството.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ :

1. Социјализација на интелектуално попречените членови со лицата без попреченост.

2. Воведување нови дидактички средства, методи и техники за работа со интелектуално попречените лица.

РЕЗУЛТАТИ:

1. Реализирани креативни работилници преку работа со млади (членови на младински локални организации).

АКТИВНОСТИ:

Заеднички работилници со средните училишта, Основното музичко училиште “Боро Џони”, Црвен крст од Струмица и со други младински граѓански организации: “На час по ликовно”, “Заедно креираме”, “Учиме прва помош”, “Заедно спортуваме”.









Образовни актвности:

- Негување на веќе стекнатите знаења и навики за самостојно извршување на хигиенско-физиолошките потреби;

- Негување на навиките за одржување лична хигиена, хигиена во домот и во просториите на заедничко дружење во клубот;

- Негување навики за самостојно облекување и соблекување;

- Негување навики за самостојна исхрана и самопослужување во исхраната;

- Правилен начин на исхрана и видови храна што треба да се консумира според годишните времиња.

Активности за развој на говор, јазик и комуникација:
- Вежби и игри на прашања и одговори, игри на набројување, подредување, комбинирање итн.;

- Развој на јазикот преку читање и разбирање на едноставни зборови и нивна употреба во реченицата;

- Читање раскази и прераскажување;

- Разговори за одредени теми, прераскажување и впечатоци, како и на слободни теми од секојдневниот живот.

Активности за развој на перцепции: од надворешната средина што ги примаат преку сетилата за вид, слух, мирис, вкус и допир, како и активности поврзани со нивното делување, развивање и подобрување.


Активности за емоционален развој:

- Развивање позитивен однос и размислувања, стрпливост, самостојност, истрајност при активностите, како самостојно, така и при работа во група, толерантност, соработка и комуникација во групата и околината воопшто;

- Развивање сопствени позитивни чувства, чувство на сигурност и прифаќање во групата и во околината;

- Развивање навики за справување со негативните емоции, на сè што е добро и сè што е лошо.





2014 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Со компјутер до полесно учење

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2014 година

БУЏЕТ: 99.966,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Интеграција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост во општеството.


КОНКРЕТНА ЦЕЛ :
Развој на компјутерски вештини.

РЕЗУЛТАТИ:
Совладани основни вештини и знаења за користење на компјутери и Интернет при учењето и секојдневието.

АКТИВНОСТИ:
- **Опремување** на просторијата на Клубот со персонални компјутери, звучници, CD со едукативни програми и детски енциклопедии, USB и Интернет приклучок.

- **Опремување** на просторијата на Клубот со персонални компјутери, звучници, CD со едукативни програми и детски енциклопедии, USB и Интернет приклучок.

- Разбирање на поврзаноста помеѓу **движењето на глувчето** и движењето на покажувачот на мониторот;



- **Правилно држење на глувчето**;

- Запознавање со **тастатура** со големи букви и нејзина употреба;

- Употреба на **Microsoft PowerPoint** преку презентации за едноставни задачи и инструкции, за едноставни активности;

- Употреба на текстуалниот уредувач **Microsoft Word**: отворање нов документ, пишување во документот, вметнување слика во документот, зачувување на документот и сл.;

- **Користење на CD или линкови** до едукативни игри;

- Пребарување и преслушување **музика**.





2013 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Во здраво тело здрав дух!

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2013 година

БУЏЕТ: 50.012,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ОПШТА ЦЕЛ: Интеграција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост во општеството.

КОНКРЕТНА ЦЕЛ :
Поттикнување на визиомоторната перцепција и координација и развивање на моториката.

РЕЗУЛТАТИ:
1. Стекнати навики за грижа за сопственото здравје, спортување.

2. Подобрена визиомоторна перцепција.

3. Подобрена моторика и координација кај лицата со интелектуална попреченост.

АКТИВНОСТИ:

- **Подобрување на психомоторната организираност** за подобра спретност на целото тело, како и на фината моторика на рацете.
- **Корекција на неправилното држење на телото**, правилно движење на телото при одење, седење, стоење, при извршувањето на работните активности и др.
- **Вежби за развој на мускулатурата** преку активни вежби за истегнување, одење, потскокнување, качување итн.
- Беше организирана **посета на фудбалски клуб од Струмица** и заеднички се одржа меч во мал фудбал, со мешани тимови од лица со интелектуална попреченост и фудбалери.

Овие спортско-рекреативни активности обезбедија голем број различни можности, како: **развој на чувството и духот за натпреварување** меѓу адолесцентите со интелектуална попреченост; **искуство да се биде дел од спортска екипа**, притоа чувствувајќи го **единството во екипата**; мотивација за **натпреварување и победа**, но истовремено и искусување и справување со пораз во спортските игри.











2012 година

НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: Запознавање со јавните објекти во нашиот град

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2012 година

БУЏЕТ: 180.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ЦЕЛ: Да се оспособат лицата со интелектуална попреченост, во согласност со нивните можности и способности, да развијат повеќе вештини за снаоѓање во нивната поширока околина.

РЕЗУЛТАТИ:

1.Усвоени се нови знаења и примена на стекнатите во непосредната и поширокаата општествена средина

2. Социјализација на лицата со интелектуална попреченост

АКТИВНОСТИ:

- **Запознавање со автобуска станица**, како дел од превозниот систем во градот;
- Запознавање со **спортските објекти** во градот преку: стекнување знаења за намената на спортските сали и спортот како корисна физичка активност која позитивно влијае на здравјето; подучување за различните спортови, правење разлика меѓу нив и на крајот, посета на спортски настан;

- Запознавање со функцијата на **здравствените установи**;

- Запознавање со функцијата на **полициската станица**;

- Запознавање со функцијата на **поштата**;

- Намената на **противпожарната станица;** и

- Запознавање на **театарот** како објект на културата.

2011 година

НАСЛОВ НА НОСЕЧКИОТ ПРОЕКТ: Развој на животни вештини кај лицата со интелектуална попреченост

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2011 година

БУЏЕТ: 100.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ЦЕЛ: Оспособување на лицата со интелектуална попреченост за снаоѓање во кујна, развивање хигиенски навики и снаоѓање надвор од домот.

РЕЗУЛТАТИ:

1. Стекнати се здрави навики на живеење и навики за подготовка и консумирање здрава храна.
2. Зголемен е степенот на самостојност.

АКТИВНОСТИ:

- Подучување на децата за важноста на одржување на **сопствената хигиена и хигиената на храната;**

- Запознавање со **здрави навики на исхрана**: правење табела на здрава исхрана, правење мозаик од слики на храна од посебни групи: овошје, зеленчук и сл.;

- **Поставување маса за јадење:** реализација преку слики и со пластичен прибор за јадење - служење со прибор и учтиво однесување на маса;

- Запознавање со **кујнските апарати** и воопшто кујната како место за обработка на храната и подготовка на оброк;

- **Самостојно купување во продавница**: снаоѓање во продавница, наоѓање на вистинскиот продукт, стекнување навика за плаќање на продуктите и сл.;

- Активности за запознавање на **парите** како платежно средство.







2010 година

НАСЛОВ НА НОСЕЧКИОТ ПРОЕКТ: Креирање на Социјален клуб за креативна работа и психомоторен развој на лицата со интелектуална попреченост

ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 6 месеци: мај – октомври 2010 година

БУЏЕТ: 120.000,оо денари од Општина Струмица и кофинансирање (РЦПЛИП – ПОРАКА)

ОБЛАСТ: Социјална заштита

Место на имплементација: општина Струмица

ЦЕЛ: Сестран развој на личноста на децата и младинците со интелектуална попреченост, преку реализација на активности од ликовен и креативен карактер.

РЕЗУЛТАТИ:

Поттикнато е изразувањето на детската личност преку ликовни творби, развој на активности кои го стимулираат учењето на нови вештини, стимулирање на физичкиот развој, визио-моторната координација и контрола, повторување на боите, подобрување на перцептивните способности и претставување во просторот.

АКТИВНОСТИ:

СЕ ФОРМИРАШЕ Социјалниот клуб за креативна работа и психомоторен развој на лицата со интелектуална попреченост.

Општината додели просторија за одвивање на активностите на клубот.

Потоа се формираше стручниот тим од дефектолог, педагог, социјален работник и волонтери.

И ЗАПОЧНАВМЕ СО РАБОТА ВО КЛУБОТ

- **Боење и сликање на глинени форми** и тоа, боење и сликање со водени и темперни бои, мрсни бои.

- Конструирање на **дидактички материјали**.

- Запознавање со дидактички материјали (кутии, стапчиња, зрна).
- Слободно конструирање со овие материјали без одредена задача.

- Конструирање одредена форма со природен материјал (грав, разни ситни плодови и сл.).

- Комбинирано конструирање мозаик со дидактички и природен материјал.

- **Изложба** на ракотворби.

- **Изработка на новогодишни честитки**, како и поттикнување иницијатива за личен избор за намената и темата на честитката и слобода при изборот на техниката и слободно изразување во изработката.









Се соочивме со многу предизвици во изминатите години.

Дискриминацијата, предрасудите и стереотипите за лицата со попреченост се најголемите наши пречки со кои се бориме.

Инклузивното образование е сè уште на основни, незадоволителни нивоа. Мораме да работиме на тоа.

Работното оспособување и вработувањето на лицата со попреченост се сè уште предизвици пред кои сме исправени и за кои треба интензивно да се залагаме.

Со вонинституционалните форми, успеавме да ги оспособиме нашите членови до одреден степен за посамостоен живот.
Новите форми на деинституционализација чекаат на нас!

Успеавме да се избориме да креираме Социјален клуб, каде што заеднички делуваат лицата со попреченост, младинците, средношколците и студентите.

Успевме во долгогодишната борба за отворање Дневен центар во Струмица.

Влеговме во основните училишта и ги поврзавме лицата со попреченост и најмалите - за нас еден од најдобрите начини за учење на принципите на еднаквост и недискриминација!

ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ЈА ПРЕНЕСУВАМЕ НАШАТА ПОРАКА!

- Пристапноста до сите институции на приспособен и ефективен начин е новиот предизвик пред којшто сме исправени!

- Раната помош и обезбедувањето сервиси за независно живење се нашата стратешка определба во наредната деценија. За лицата со интелектуална попреченост е особено важно да се оспособат за, колку што е можно, посамостоен живот, учење на основни социјални вештини и извршување на секојдневни активности.

- Ќе продолжиме да ги презентираме нашите цели пред локалната заедница.

- Ќе привлекуваме нови членови.

- Ќе продолжиме да ги зајакнуваме организациските капацитети за транспарентно работење.

- Приспособено ќе информираме за справување со предизвиците на лицата со попреченост.

- Ќе продолжиме да ги поддржуваме семејствата кои имаат член со интелектуална попреченост.

- Одиме кон поголема социјализација на лицата со попреченост.

- Ќе воведуваме нови дидактички средства, методи и техники за работа.

Со почит,
ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица

Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост -

ПОРАКА Струмица

www.porakastrumica.mk

sonja_poraka@yahoo.com

+389 71 311 804 (Соња Сачевска, Претседател на Собрание)

ул.„Крушевска Република“ бр. 21, 2400 Струмица